E dizjakoro šerutno, kana nane adathe ja pale našti te ovel adathe ko vakti taro jekh berš, leskiri funkcia lela dženo taro Konsili kole so ka autorizirinel e dizjakoro šerutno.

Ko vakti kana lela i funkcia e dizjakere šerutneskiri, e Konsileskere dženeskiri funkcia mudrinela sar dženo ko Konsili.

Džikobor e dizjakoro šerutno iranela pli buti ki funkcia, i Radži ka anavkerel ple manuše baš adaja funkcia

на таа функција до изборот на нов градоначалник.

**Член 50**

Градоначалникот за својата работа одговара пред гра/аните на Општината.

За работата на градоначалникот може да се покрене прашање за доверба по предлог од најмалку 20% од вкупниот број избирачи во Општината.

Предлогот за покренување на прашање за доверба на градоначалникот се поднесува до Општинската изборна комисија со потписи од граѓаните дадени пред органот надлежен за водење на евиденција за избирачкото право на гра/аните од Општината.

**Член 51**

Постапката за изјаснување на граѓаните по прашањето за доверба на градоначалникот ја спроведува Општинската изборна комисија, во согласност со Законот за локалните избори.

Одлуката за недоверба на градоначалникот е донесена ако за неа гласале повеќе од 50% од вкупниот број избирачи во Општината.

**Член 52**

На градоначалникот му престанува мандатот во случаите утврдени со членот 48 од Законот за локалната самоуправа.

На градоначалникот му престанува мандатот и во случај на изгласување на недоверба од избирачите во Општината.

**3. Управни и административни органи на Општината**

**Член 53**

За вршење на управните, стручните и другите работи од самостојната надлежност на Општината и на работите што со закон и се доверени на Општината, се образуваат управни органи.

Управните органи на Општината се образуваат како инспекции, одделенија, отсеци и реферати.

**Член 54**

За вршење на административните, општите, сметководствено-финансиските, техничките и другите работи за потребите на Советот, градоначалникот и другите органи на Општината се образуваат административни органи на Општината.

Администативните органи се образуваат како служби, канцеларии и писарници.

**Член 55**

Управните и административните органи ги образува [illegible] со одлука, со која се уредуваат нивната [illegible]ија, надлежноста и начинот на работа.

Акти за организацијата на управните и административните органи и за систематизацијата на работните места во нив донесува градоначалникот.

## V. ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ФУНКЦИИ И НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 56**

Избраните и именуваните лица во органите на Општината се избираат односно се именуваат за време од четири години.

При секој избор на нов состав на Советот се врши повторен избор односно именување на лицата од ставот 1 на овој член, без оглед на траењето на нивниот претходен мандат.



dži ko alusaribe nevo dizjakoro šerutno.

**Dženo 50**

E dizjakoro šerutno baš i pli buti džovapinela anglo Komunakere dizutne.

Baš e dizjakere šerutneskiri buti šaj te vazdel pe pučibe baš o dendo pakjivkerive pal bahani taro majhari 20% taro sa o manuša so alusarena an i Komuna.

O bahani baš e pučibaskoro vazdibe baš o dendo pakjivkeribe ko dizjakoro šerutno dela pe dži ko Komunakiri alusaribaskiri komisija vasthramovibaja taro dizutne dende anglo organi kova so si radžime baš o evidentiribe baš alusaribaskoro niami ko dizutne tari Komuna.

**Dženo 51**

I Procedura baš e dizutnengoro dendo lafi pal o pučibe baš o dendo pakjivkeribe ko dizjakoro šerutno kerela la e Komunakiri alusaribaskiri komisija, an jekhajekhipe e Aktea baš o lokalnikane alusariba.

O dekreti baš o napakjivkeribe ko dizjakoro šerutno si andi lake te dengje avazi pobuter taro 50% taro sa o manuša so alusarena an i Komuna.

**Dženo 52**

E dizjakere šerutneske činavela pe o mandati an o čipote kola so si zurarde e dženea 48 taro Akti baš i lokalnikani korkoriradžin.

E dizjakere šerutneske činavela pe o mandati thaj an i čipota kana si dende avazia baš o dendo napakjivkeribe taro alusarde an i Komuna.

**3.Radžutne thaj administrutne organia ki Komuna**

**Dženo 53**

Ko butikeribe ko radžutne,phirnutne thaj vavera bukja tari korkorutni radživ ki Komuna thaj ko bukja so aktea si dende e Komunake, kerena pe radžutne organia.

O radžutne organia ki Komuna kerena pe sar inspekcie, klasia, kotora taro klasia thaj referentia.

**Dženo 54**

Baš o butikeribe ko administrativnikane, sasoitne, esapi= finasikane, tehnikane thaj vavera bukja so kamna pe e Konsileske, e dizjakoro šerutno thaj o vaera Komunakere organia kerena administrativnikane Komunakere organia.

O administrativnikane organia kerena pe sar oficialia, kancelarii tha ofisia hramobaske.

**Dženo 55**

O radžutne thaj administrativnikane organia kerela o KOnsili dekretea, kolenca lačharela pe lengiri organizacia, radživ thaj bukjakoro čhani.

E organizacijakere aktia ko radžutne thaj administrativnikane organia thaj baš i sistematizacia ko bukjarne thana an lende anela len e dizjakoro šerutno.

## V. NIAMIA, DURUDŽIPA THAJ DŽOVAPIPA E FUNKCIENGERE INGARUTNENGERE THAJ E KOMUNAKERE BUKJARNENGERE

**Dženo 56**

O alusarde thaj o anavkerde manuša an Komunakere organia alusarena pe ja pale anavkerena pe ko vakti taro štar berša.

Ko sakova alusaribe ko nevo Konsileskoro sistemi kerela pe pale alusaribe ja pale anavkeribe e manušengoro tari poza 1 ko akava dženo, bizo te dikhel pe kobor vakti sine lengoro angliderutno mandati.

Лицата од ставот 1 на овој член остануваат на функцијата (должноста) до изборот односно именувањето на нови носители на тие функции.

При изборот односно именувањето и вработувањето на лица во органите на Општината ќе се настојува да се обезбеди соодветна национална застапеност, без да се нарушува принципот на стручност.

**Член 57**

На правата, должностите и одговорностите на работниците во органите на Општината што произлегуваат од работниот однос се применуваат прописите со кои се уредуваат правата, должностите и одговорностите на работниците во органите на државната управа.

## VI. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 58**

Органите на Општината во вршењето на работите од својата надлежност донесуваат општи и поединечни акти, самостојно односно во согласност со закон или со овој статут и одлука на Советот.

**а) општи акти**

**Член 59**

Општината има статут.

Статутот е основен акт на Општината.

Со статутот, во согласност со Уставот и со закон, се уредуваат правата и должностите на Општината, основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на органите на Општината, облиците и начинот на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето за прашањата од значење за Општината, како и други прашања од интерес за локалната самоуправа.

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Статутот се донесува во две фази, и тоа како нацрт и како предлог на Статутот.

**Член 60**

Советот донесува деловник на Советот.

Со деловникот се уредуваат организацијата и начинот на работа и одлучување на Советот и на неговите работни тела, правата и должностите на членовите на Советот и на претседавачот на Советот и други прашања од значење за остварување на надлежностите на Советот.

Деловникот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 61**

Советот донесува одлуки, планови, програми, заклучоци, насоки и други општи акти.

Со одлука се уредуваат работите од изворната или пренесената надлежност на Општината, се образуваат управните и административните органи на Општината, се утврдуваат нивните надлежности и начинот на работа и се основаат јавни претпријатија, јавни установи и јавни служби.

Советот со одлука уредува и други прачања од својата надлежност.

**Член 62**

Советот донесува планови и програми за развој на Општината во целина или за одделни области и дејности во неа.

**Член 63**

Советот донесува заклучоци и уврдува насоки за управните и административните органи на Општината



O manuša tari poza 1 ko akava dženo ačhona ki funkcia dži ko alusariba ja pale anavkeriba neve manušengoro ko adala funkcie.

Kana ka kerel pe alusariba ja pale anavkeriba thaj butidejbe e manušenge an e Komunakere organia ka dikhel pe te arakhel pe jekhajekh nacionalnikano jekhipe, bizo te ruminel pe phirnutnengoro principi.

**Dženo 57**

Ko niamia, durudžipa thaj džovapipa e bukjarnengoro an e Komunakere organia so ikljona taro bukjarno vjavahari lena pe o principia kolenca lačharena pe o niamia, durudžipa thaj džovapipa e bukjarnengere an o raštrune radžutne organia.

## VI KOMUNAKERE ORGANENGERE AKTIA

**Dženo 58**

E Komunakere organia an o pumaro butikeribe anena sasoitne thaj jekhinakere aktia, korkori ja pale an jekhajekhipe e kanunea ja pale akale statutea thaj Konsileskere dekretea.

a) **sasoitne aktia**

**Dženo 59**

E Komuna isi statuti.

O statuti si fundavno komunakoro akti.

E statutea, an jekhajekhipe e Konstitucionalea thaj e aktea, lačharena pe o niamia thaj komunakere durudžipa, fundavne pučiba phandle e radživea thaj organizacijaa ko Komunakere organia, forme thaj čhani ko direktikano lejbe than e dizutnenge ko dekretiribe baš o pučiba taro karakteri e Komunake, sar thaj vaera pučiba so si taro interes baš ilokalnikani korkoriradžin.

E komunakoro statuti anela o Konsili bute avazenca taro sa o džene ko Konsili.

O statuti anela pe ko duj faze, thaj adava sar kičitra thaj sar bahan ko Statuti.

**Dženo 60**

O Konsili anela Konsileskoro bukjarno divari.

E bukjarne divarea lačharela pe i organizacija thaj o čhani ki buti thaj dekretiribe ko Konsili thaj ko leskere bukjarne badania, niamia thaj durudžipa e dženengere ko Konsili thaj e Konsileskere prezidenteskere thaj vavera pučiba taro karakteri baš realizacia ki KOnsileskiri radživ.

O bukjarno divari anela pe bute avazenca taro sa o manuša džene ko Konsili.

**Dženo 61**

O Konsili anela dekretia, plania, programia, phandle lafia, droma thaj vaver sasoitne aktia.

Dekretea lačharena pe o bukja tari hangongiri ja legaribaskiri radživ ki Komuna, kerena pe radžutne thaj administrutne Komunakere organia, zurarena pe lengere radživa thaj čhani ki buti thaj fundirinena pe phravde firme, phravde institucie thaj phravde oficialia.

O Konsili dekretea lačharela thaj vaver pučiba tari pli radživ.

**Dženo 62**

O Konsili anela plania thaj programe baš e Komunakoro barjakeribe an o ssa ja pale baš o ulavde branše ja bukja an late.

**Dženo 63**

O Konsili anela phandle lafia tha zurarela droma baš o radžutne thaj administrutne Komunakere organia thaj

и на јавните претпријатија, јавните установи и јавните служби по повод разгледувањето на извештаи, анализи, информации и други материјали што се однесуваат на нивната работа во врска со извршувањето на општите акти на Советот.

### Член 64

Постапката за донесување на општите акти се уредува со деловникот на Советот.

Општите акти на Советот, пред да влезат во сила, се објавуваат во "Службен гласник на Општината Шуто Оризари", најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Општите акти на Советот влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на нивното објавување, а по исклучок, што го утврдува Советот, во покус рок или со денот на објавувањето.

Општите акти не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

**б) поединечни акти**

### Член 65

Советот, градоначланикот и управните органи на Општината, во рамките на својата надлежност, донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор односно именување или разрешување на претседатели и членови на своите работни тела, на носители на функции во управните и административните органи на Општината и на претставници во органите на управувањето на училиштата од основното образование и во устсановите од областа на културата, спортот, предучилишното образование, основната здравствена заштита, социјалната и детската заштита и заштитата на животната средина и за други прашања од својата надлежност, што не се уредуваат со општ акт.

Градоначалникот донесува решенија.

Управните органи донесуваат решенија и заклучоци.

## VII. СОРАБОТКА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА СО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

### Член 66

Органите на Општината соработуваат со подрачните единици на министерствата и на другите органи на државната управа надлежни за подрачјето на Општината, преку меѓусебна размена на податоци и информации и договарање за заедничките активности и мерки за решавање на проблемите во Општината односно за проучување на одделни прашања од заеднички интерес и давање на мислења и предлози по нив.

За мислењата и ставовите на надлежните органи на Општината по прашањето од ставот 1 на овој член се запознаваат соодветните подрачни единици.

### Член 67

Заради усогласување на прашањата од заеднички интерес, органите на Општината можат во договор со подрачните единици да образуваат стручни комисии или работни групи.

Активностите на меѓусебната соработка на органите на Општината со подрачните единици ги организира градоначалникот на Општината.



ko phravde firme,phravde institucie thaj phravde oficialia kana kamla pe te dikhlajren pe o dende raportia, analize, informacie thaj vavera materialia kola so vjavaharinena pe ki lengiri buti a si phandle e buti keribaa ko KOnsileskere sasoitne aktia.

### Dženo 64

I Procedura baš o anibe sasoitne aktia lačharela pe e Konsileskere bukjarne divarea.

E Konsileskere sasoitne aktia, angleder te oven validnikane, ikalena pe an"Oficialnikani patrin ki Komuna Šuto Orizari", majharinimo an roko taro efta dive taro dive kana angje pe.

E Konsileskere sasoitne aktia si validnikane majsig ko oftoto dive taro dive kana iklile, a sar rariteti, so zurarela o Konsili, an poharno roko ja pale e divea kana ikljola.

E sasoitne akten našti te ovel len iranutno aktivipa, salde sar rariteti, an čipota kana adava si pošukar e dizutnenge.

**b) jekhinutne aktia**

### Dženo 65

O Konsili, e dizjakoro šerutno thaj o radžutne organia ki Komuna, an pervazia ki pumari radživ, anena jekhinutne aktia.

O Konsili anela solucie baš o alusaribe ja pale anavkerive ja pale kontramandatiribe ko prezidentia ja džene ko pumare bukjarne badania, ko ingarutne ko funkcie an vastarutne thaj administrativnikane organia ki Komuna thaj ko prezententia an organia ko vastaripe tari kulturakiri branša, sporti, angloškolakiri edukacia, fundavni sastipaskiri protektiva, socijalnikani thaj čhavorikani protetktiva thaj protektiva ko dživdipaskoro maškaripa thaj baš o vavera pučiba tari pumari radživ, so na lačharena pe sasoitne aktea.

E dizjakoro šerutno anela solucie.

O vastarutne organia anena solucie thaj phandle lafia.

## VII E KOMUNAKERE ORGANENGIRI KOLABORACIA E REONESKERE MINISTERIPASKERE JEKHINENCA THAJ VAVERE RAŠTRUNE VASTARUTNE ORGANENCA

### Dženo 66

E Komunakere organia kerene kolaboracia e reoneskere ministeripaskere jekhinenca thaj vavere raštrune vastarutne organenca radživime ko Komunakoro reoni, prekal maškar peste deindor thaj leindor materialia thaj informacie thaj phandibe lafi baš o barabarutne aktivipa thaj napia baš e problemengoro činavibe an i Komuna ja pale baš o sikljovibe ko ulavde pučiba taro barabarutno interesi thaj dejbe umdiba thaj bahania pal lende.

Baš o umdiba thaj phirutne ko radživime organia ki Komuna pal o pučibe tari poza 1 ko akava dženo pendžakerena pe o asafke jekhutne reoneskere jekhina.

### Dženo 67

Te šaj te aven ko jekh avazi ko pučiba taro barabarutno interesi, e Komunakere organia šaj an kontrakti e reoneskere jekhinenca te keren phirnutne komisie ja pale bukjarne grupe.

O aktivipa ki maškarpumari kolaboracia ko Komunakere organia e reoneskere jekhinenca organizirinela len e Komunakoro dizjakoro šerutno.

## VIII. ИМОТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

### Член 68

Имотот на Општината го сочинуваат земјиште, објекти, права и средства во обем што ги финансирале граѓаните по пат на самопридонес или на друг начин и други парични средства.

Општината го стекнува имотот од сопствени извори на приходи утврдени со закон, од приходи стекнати од располагањето и стопанисувањето со имотот на Општината, од подароци, легати и по други основи.

Општината располага и управува со имотот во јавен интерес и како добар домаќин.

Средствата добиени од располагањето и стопанисувањето со имотот на Општината се употребуваат за негово зголемување или за негово подобро јавно користење.

### Член 69

За купување, оттуѓување и оптоварување на имотот на Општината и за стопанисувањето со него одлучува Советот.

Советот може да го овласти градоначлаaникот да врши купување, оттуѓување и оптоварување на дел од имотот на Општината.

### Член 70

Општината го евидентира својот имот и го искажува со имотен биланс, кој се води во согласност со закон.

### Член 71

Општината се финансира од сопствени извори на приходи утврдени со закон, од дополнителни приходи од Буџетот на Републиката, од средства за вршење на доверените работи од Републиката, од приходите од стопанисувањето со имотот на Општината и од други средства од правни и физички лица.

Општината може, во согласност со закон, да зема и да дава заеми во рамките на своите финансиски можности, како и да издава обврзници.

Општината самостојно располага со своите приходи.

### Член 72

Општината се финансира од приходи утврдени со членот 62 од Законот за локалната самоуправа, како и од приходи од закупнина на земјиште и објекти на Општината, од вложување на капитал, од добивка на јавните претпријатија и од други приходи.

### Член 73

Приходите и расходите на Општината се утврдуваат со буџетот на Општината, во согласност со закон.

Буџетот содржи биланс на приходите и расходите, а се донесува за фискална година, која започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември од секоја календарска година.

### Член 74

Предлогот на буџетот на Општината го утврдува градоначаланикот и го поднесува до Советот најдоцна во месец ноември.

Градоначалникот е должен, во случај на потреба за земање на заем од Буџетот на Републиката заради покривање на буџетскиот дефицит, да изврши усогласување на предлогот на буџетот на Општината со Министерството за финансии на Република Македонија.

### Член 75

Одлука за изменување на предвидените приходи и расходи на буџетот на Општината донесува Советот (ребаланс на буџетот).



## VIII ISIBE THAJ KOMUNAKORO FINANSIRIBE

### Dženo 68

E Komunakoro isibe kerena i phuv, objektia, niamia thaj dendelove an forma so finansiringje o dizutne sar korkori khedipe love ja pale ko vaver čhani ja vavera love.

I Komuna kustikunela o isibe taro ple hangoja ko andelove zurarde e aktea, taro andelove kustikume taro rentiribe thaj butikeribe e komunakere isibastar, taro dende love, legate thaj pal vavera funde.

I Komuna rentirinela thaj vastarela e isibaa an phravdo interesi thaj sar šukar sajbia.

O dendelove lele tari renta thaj butikeribe e Komunakere isibaa istemalkerena pe baš o lakoro bajrovibe ja pale baš o pošukar phravdo istemalkeribe.

### Dženo 69

Kinibaske, bikibaske thaj kontrairanibe ko isibe e Komunakoro thaj baš o butikeribe lea dekretirinela o Konsili.

O Konsili šaj te del vastaripe e dizjakere šerutne te kinel,bikinel thaj kontrairanel kotor taro isibe e Komunakoro.

### Dženo 70

I Komuna evidentirinela plo isibe thaj prezentinela isibaskoro bilansi, kova so evidentirinela pe an jekhajekhipe e aktea.

### Dženo 71

I Komuna finansirinela pe ple hangondar ko andelove zurarde e aktea, taro džipherde andelove taro Republikakoro budžeti, taro dendelove baš o keribe bukja dende tari Republika, taro butukeribaskere andelove e Komunakere isibaa thaj taro vavera dendelove taro nijamutne thaj fizikane sime.

I Komuna Šaj, an jekhajekhipe e aktea, te lel thaj te del reimi an pervazija ko ple finansijakere šajdipa, sar thaj te del reimkartonia.

I Komuna korkori kerela esapi ple andelovenca.

### Dženo 72

I Komuna finansirinela pe taro andelove zurarde e dženea 62 taro Akti baš i lokalnikani korkoriradžin, sar thaj taro andelove tari dejbe tela ki renta e phuvjake thaj Komunakere objektenge, taro kapitaleskoro dejbe, taro lelelove ko phravde firme thaj vavera andelove.

### Dženo 73

E Komunakere andelove thaj razlika zurarena pe e komunakere budžetea, an jekhajekhipe e aktea.

O Budžeti ikerela bilansi ko andelove thaj razlike, a anela pe baš o fiskalnikano berš, kova so šurarela ko 1 januari thaj agorkerela ko 31 dekemvri taro sakova kalendareskoro berš.

### Dženo 74

O Bahani ko budžeti ki Komuna zurarela e dizjakoro šerutno thaj dela pe dži ko Konsili majharinime an o masek noemvri.

E dizjakoro šerutno si durudži, an čipota kana si zarauri baš o lejbe reimi taro Republikakoro budžeti baš o učharibe ko budžeteskoro deficiti, te kerel sar jekh o bahani ko Komunakoro budžeti e Ministeriumea baš o finansie ki Republika Makedonia.

### Dženo 75

O dekreti baš o anavkeribe taro anglovakerde andelove thaj razlika ko KOmunakoro budžeti anela o Konsili ( budžeteskoro rebalansi).

Член 76

За покривање на непредвидените расходи, од вкупните приходи на буџетот на Општината се издвојуваат средства за постојана и тековна буџетска резерва, во висина утврдена со закон.

За користењето на средства од постојаната и тековната буџетска резерва одлучува Советот по предлог од градоначалникот.

Советот може да го овласти градоначалникот да одлучува за користење на средствата од тековната буџетска резерва.

Член 77

Доколку буџетот на Општината не биде донесен до 31 декември во тековната за наредната година, Советот ќе донесе одлука за времено финансирање, најдолго за шест месеци.

Член 78

На крајот на секоја календарска година се изготвува завршна сметка на буџетот на Општината.

Завршната сметка ја усвојува Советот, најдоцна до 31 март во тековната година за петходната година.

Член 79

Буџетот на Општината го извршува градоначалникот, во согланост со одлука на Советот.

Член 80

Советот на Општината образува надзорен одбор за вршење на контрола над материјалното и финансиското работење на органите на Општината. Составот на надзорниот одбор го утврдува и неговите членови ги именува Советот.

За резултатите од контролата, надзорниот одбор ги запознава Советот и Министерството за финансии, најмалку двапати годишно.

## IX. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

Член 81

За вршење на работите од непосреден интерес во Општината, граѓаните одлучуваат и преку облиците на месна самоуправа, што можат да ги основаат во согласност со овој статут.

Член 82

Облици на месната самоуправа, што може да се основаат во Општината, се: месни заедници за одделни делови од подрачјето на населбата Шуто Оризари, месни заедници за селата Горно Оризари и Долно Оризари, заедници за одделни станбени згради и други облици на месна самоуправа.

Член 83

Облиците на месна самоуправа се основаат за подрачја што претставува урбана и поврзана целина, а потребата за нивно основање произлегува од заедничкиот интерес на граѓаните за решавање на образовните, здравствените, комуналните, културните, спортските и другите прашања.

Член 84

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој статут и одлуката за нивното основање, се грижат за:

1) изградбата и одржувањето на објектите од комуналната инфраструктура, на културните, спортските и други објекти на соодветното подрачје што не се во надлежност

Dženo 76

Učharibaske ko naanglaldikhle razlike, taro sa o ande love ko Komunakoro budžeti ulavena pe love baš i barevaktuni thaj thavdutni budžeteskiri rezerva, ko učipe zurardi e aktea.

Baš o istemalkeribe e dendelovengoro tari barevaktuni thaj thavdutni budžeteskiri rezerva dekreti dela o Konsili pal o bahani taro dizjakoro šerutno.

O konsili šaj te del vast e dizjakere šerutne te del dekreti baš e dendelovengoro istemalkeribe tari thavdutni budžeteskiri rezerva.

Dženo 77

Džikobor e KOmunakoro budžeti nane te ovel ando dži ko 31 dekemvri an thavdutno baš o avutno berš, o Konsili ka anel dekreti baš o vaktuno finansiribe, majlungo baš o šov masekia.

Dženo 78

Ko agor tari sakova kalendareskoro berš kerela pe agorutno esapi ko Komunakoro budžeti.

O Agorutno esapi leljarela o Konsili, majharinimo dži ko 31 mart an thavdutno berš baš o persutno berš.

Dženo 79

E Komunakoro budžeti realizirinela e dizjakoro šerutno, an jekhajekhipe e Konsileskere dekretea.

Dženo 8O

E Komunakoro Konsili kerela supervizorengoro komiteti baš o keribe kontrola upral o materijalnikano thaj finansiengoro butikeribe ko Komunakere organia. O Konsili zurarela thaj anavkerela e supervizorengoro dženipe thaj leskere dženen.

Baš o rezultatia tari kontrola, e supervizorengoro komiteti pendžakerela e Konsile thaj e Ministeriume baš o finansie, majhari duj fare ko berš.

## IX. THANUTNI KORKORIRADŽIN AN I KOMUNA

Dženo 81

Baš o butikeribe taro direktikano interesi an i Komuna, o dizutne dekretirinena thaj prekal o forme ki thanutni korkoriradžin, so šaj te fundirinel len an jekhajekhipe akale statutea.

Dženo 82

E thanutne korkoriradžinakere forme , so šaj te fundirinen pe si: thanutne khedina baš o ulavde kotora taro reoni ki kupatni Šuto Orizari, thanutne khedina baš o gava Gorno Orizari thaj Dolno Orizari, khedina baš o ulavde urbanikane objektia thaj vavera forme ki thanutni korkoriradžin.

Dženo 83

Forme ki thanutni korkoriradžin fundirinena pe baš o reonia so prezentirinena urbanikani thaj ko jekh than phanli sastin, a zaruripe baš o lakoro fundiribe ikljola taro barabarutno dizutnengoro interesi baš o solucie ko komunalnikane, kulturnikane, sportikane thaj vaera pučiba.

Dženo 84

O dizutne prekal o forme ki thanutni korkoriradžin, an jekhajekhipe akale statutea thaj dekretea baš o lengoro fundiribe, kerena akava:

1) tamiribe thaj užarkeribe ko objektia tari komunikalnikani infrastruktura, ko kulturnikane, sporteskere thaj vavera objektia taro adava reoni so nane telo Komunakere

на органите на Општината односно на Градот Скопје;

2) заштитата на животната средина;

3) уредување и одржување на гробиштата во селските населби;

4) организирање на културни, спортски, забавни и други манифестации;

5) други прашања од непосредно значење за животот и работата на граѓаните.

**Член 85**

Работите од членот 84 на овој статут се финансираат од средства:

1) што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа, согласно плановите и програмите за нивниот развој и работа;

2) што за тие намени непосредно ги здружуваат граѓаните;

3) што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;

4) од надоместоци за услуги;

5) подароци и други средства.

**Член 86**

Облиците на месна самоуправа имаат својство на правно лице, во рамките на правата и должносите утврдени со закон, со овој статут и со одлуката за нивното основање.

Облиците на месна самоуправа можат да имаат свој имот во облик на недвижни и движни ствари, парични средства и права.

За купување, оттуѓување и оптоварување на имотот на облиците на месна самоуправа одлучува органот на обликот на месната самоуправа овластен со одлуката за негово основање.

Во правниот промет облиците на месна самоуправа можат да преземаат обврски до висината на вредноста на имотот со кој располгаат.

Општината не одговара за обврските на облиците на месната самоуправа.

**Член 87**

Советот на Општината може на месните заедници да им довери вршење на определени работи од изворната надлежност на Општината.

За вршење на работите од ставот 1 на овој член средствата ги обезбедува Општината.

**Член 88**

Стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органите на облиците на месна самоуправа ги вршат административните органи на Општината.

**Член 89**

Постапката за основање на облиците на месна самоуправа и за изборот, составот и надлежностите на органите на облиците на месната самоуправа се уредуваат со одлука на Советот, што се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број негови членови.

## X. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 90**

За утврдување на грбот и знамето на Општината, Советот распишува јавен конкурс.

За спроведување на конкурсот од ставот 1 на овој член Советот образува комисија.



organengere ja pale teli Diz Skopje;

2) e dživdipaskere maškaripaskiri protektiva

3) lačharibe thaj užarkeribe ko limoria an o gaveskere kupatnja;

4) kulturakere, sporteskere, eglendžijale thaj vavere manifestaciengoro organiziribe;

5) vavera pučiba taro direktikano džanlibe baš e dizutnengoro dživdipe thaj butikeribe.

**Dženo 85**

O bukja taro dženo 84 akale statutestar finansirinena pe taro dendelove:

1) so i Komuna ka del e thanutne korkoriradžinakere forme, jekhajekh e palnenca thaj programenca baš o lengoro bajraribe thaj buti;

2) adale nišanenge direktikane khedena e dizutnen;

3) taro dende love baš i agorkerdi buti;

4) love kola si dende sar bakšiši thaj vavera dende love.

5) bakšiši thaj javera bućija.

**Dženo 86**

E thanutne korkoriradžinakere formen isi len nijamali simakiri forma, an pervazia ko niamia thaj durudžipe zurarde aktea, akale statutea thaj e dekretea baš o lengoro fundiribe.

E theneskere korkoriradžinakere forme šaj te ovel len plo isibe sar forma ko thanarde thaj phirutne bukija, lovengere dendelove thaj niamia.

Baš o kimibe, bikinibe thaj ladavibe ko isibe ko thanutne korkoriradžinakere forme dekretinela o organi ki forma ki thaneskiri korkoriradžin radživime e dekretea baš o leskoro fundiribe.

An o niamutno prometi e thanutne korkoriradžinakere forme šaj te len pe dajatve dži učipe kobor so pokinela pe o isibe kova so si tela ki lengoro sahibluko.

I Komuna na džovapinela baš o dajatve ko thanutne korkoriradžinakere forme.

**Dženo 87**

E Komunakoro Konsili šaj e thanutne khedinenge te del butikeribe ko definirime bukja tari hanguni Komunakiri radživ.

Baš o butukeribe tari poza 1 akale dženestar o dendelove anela i Komuna.

**Dženo 88**

O phirnutne, administativnikano-tehnikane thaj esapi-finansijakere bukja ko organengere forme ki thanutni korkoriradžin kerela e Komunakere administrativnikane organia.

**Dženo 89**

Procedura baš e formengoro fundiribe ki thanutni korkoriradžin thaj baš o alusaribe, sao džene thaj organengiri radživ ko thanutne korkoriradžinakere forme lačharena pe e Konsileskere dekretea, adalea so vjavaharinela pe e avazenca taro sa o gende leskere džene.

## X. PROCEDURA BAŠ O ZURARIBE THAJ ISTEMALKERIBE E KOMUNAKERE DUMESKE THAJ BAJRAKOSKE

**Dženo 90**

Baš e dumeskoro thaj bajrakoskoro zuraribe ki Komuna, o Konsili phravela phravdo konkursi.

Te šaj te realizirinel o konkursi tari poza 1 akale dženestar o Konsili formirinela komisija.

Составот на комисијата го утврдува и нејзините членови ги именува Советот.

**Член 91**

Комисијата од ставот 2 на член 90 од овој статут, врз основа на пристигнатите идејни решенија по објавениот конкурс, му поднесува предлог на Советот за утврдување на грбот и знамето на Општината.

**Член 92**

Одлука за утврдување на грбот и знамето на Општината донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови.

**Член 93**

Грбот на Општината се употребува во состав на печатот на Општината.

Грбот на Општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и слични акти што ги упатуваат Советот и градоначалникот.

**Член 94**

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Советот и на градоначалникот.

Знамето на Општината може да се истаккнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или се претставува Општината.

Знамето на Општината се истакнува заедно со знамето на Република Македонија, во исти димензии и во согласност со закон.

**Член 95**

Грбот и знамето на Општината не смеат да се употребуват ако се оштетени или ако со својот изглед не се подобни за употреба.

## XI. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ОПШТИНАТА

**Член 96**

Советот и градоначалникот можат да поднесат иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на согласноста со Уставот на Република Македонија на законите односно на согласноста со Уставот и со законите на прописите и на другите општи акти на Владата, министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушуваат уставната положба и правата на Општината, утврдени со Уставот и со закон.

**Член 97**

Советот и градоначаланикот имаат право да бараат заштита пред надлежните судови ако со акти и активности на Владата или на органите на државната управа се попречува вршењето на надлежностите на Општината, утврдени со Уставот и со закон.

## XII. СЛУЖБЕНА УПОТРЕБА НА МАКЕДОНСКИОТ И РОМСКИОТ ЈАЗИК И НА НИВНИТЕ ПИСМА

**Член 98**

На седниците на Советот и во работата на другите органи на Општината, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, се и ромскиот јазик и неговото латинско писмо.

Статутот на Општината, деловникот и другите општи акти на Советот и на другите органи на Општината се пишуваат и се објавуват на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на ромски јазик и неговото латинско писмо.



Kola džene ka oven ki komisia thaj lakere dženen anavkerela o Konsili.

**Dženo 91**

I komisia tari poza 2 ko dženo 90 akale statutestar, upral i funda ko resle ideakere solucie pal o phravdo konkursi, dela bahani e Konsileske baš o zuraribe dumo thaj bajrako ki Komuna.

**Dženo 92**

Dekreti baš o zuraribe dumo thaj bajrako ki Komuna anela o Konsili bute avazenca taro sa o gende ple džene.

**Dženo 93**

E Komunakoro dumo istemalkerela pe sar jekhutno kotor ko Komunakoro štembili.

E Komunakoro dumo šaj te istemalkerel pe ko oficijalnikane akharina, bahtariba thaj vaera aktia kolen so bičhalela o Konsili thaj e dizjakoro šerutno.

**Dženo 94**

E Komunakoro bajrako ikalela pe anglo Konsilesko thaj dizjakere šerutneskoro objekti.

E Komunakoro bajrako šaj te ikalel pe thaj ko maškarnacionalnikane arakhiba, khelina thaj vavera khedipa kolende lela than ja pale prezentirinela pe i Komuna.

E Komunakoro bajrako ikalela pe barabar e Republika Makedonijakere bajrakoa, an jekh dimenzie thaj an jekhajekhipe e aktea.

**Dženo 95**

E Komunakoro dumo thaj bajrako našti te istemalkeren pe te si khuvde ja pale ple savipaa nane šukar baš o istemalkeribe.

## XI. PROTEKTIVA KO KOMUNAKERE NIAMIA

**Dženo 96**

O Konsili thaj e dizjakoro šerutno šaj te vazden iniciativa dži ko Konstitucionalikano adalati ki Republika Makedonija baš o vazdipe procedura baš o molipe ko jekhajekhipe e Republika Makedonijakere Konstitucionalea ko aktia ja pale ko jekhajekhipe e Konstitucionalea thaj e aktea ko akteskere regulamentia thaj ko vaver sasoitne aktia ki Radži, ministeriumia thaj vaera organia ki raštrakoro vastaripe kolenca phagela pe i konstitucionalnikano hali thaj e Komunakere niamia, zurarde e Konstitucionalea thaj e aktea.

**Dženo 97**

E Konsile thaj e dizjakere šerutne isi niami te roden protektiva anglo radživime adalatia te si aktenca thaj Radžinakere aktivipaa ja raštrune vastaripaskere organenca, na dena pe butikeriba ko Komunakere radživa, zurarde e Konstitucionalea ja e aktea.

## XII. OFICIJALNIKANO ISTEMALKERIBE E MAKEDONIKANE THAJ ROMANE ČHIBJAKORO THAJ LENGERE ABECEDENGORO

**Dženo 98**

Ko Konsilengoro bešibe, ko phravde institucionengoro thaj phravde firmengoro, an oficijalnikano istemalkeriba, uzal i makedonikani čhib thaj leskiri kirilicakiri azbuka, si thaj i romani čhib thaj lakiri latinicakiri abeceda.

E Konsileskoro Statuti, o bukjarno divari thaj vavera sasoitne aktia ko Konsili thaj vavera Komunakere aktia hramonena pe thaj ikalena pe ki makedonikani čhib thaj lakoro kirilicakiri azbuka thaj ki romani čhib thaj lakiri latinicakiri abeceda.

### Член 99

Во јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, се и ромскиот јазик и неговото латинско писмо.

### Член 100

Имињата на населбата и на населените места во Општината, натписите на називите на јавните служби, установи и претпријатија што ги основала Општината се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на ромски јазик и неговото латинско писмо.

Натписите на културните и образовните установи што служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на националностите во Општината се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на соодветната националност, независно од бројот на припадниците на таа националност кои живеат на подрачјето на Општината.

## XIII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

### Член 101

Статутот на Општината се изменува и дополнува со статутарна одлука.

### Член 102

Предлог за пристапување кон изменување или дополнување на Статутот на Општината можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на Советот, градоначалникот или 10% од вкупниот број избирачи во Општината.

Предлогот за пристапува кон изменување или дополнување на Статутот избирачите го потврдуваат со своите потписи што ги даваат пред органот надлежен за водење на евиденција за избирачкото право на граѓаните од Општината.

### Член 103

Одлука за пристапување кон изменување или дополнување на Статутот донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови.

Врз основа на одлукката на Советот од ставот 1 на овој член, Комисијата за статутарни, деловнички и правни прашања изготвува текст на нацртот за изменување или дополнување на Статутот и му го поднесува на Советот.

Нацртот за изменување или дополнување на Статутот го утврдува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови и го става на јавна дискусија.

По исклучок, нацртот не се става на јавна дискусија ако изменувањата или дополнувањата се однесуваат на усогласување на Статутот со закон или ако со нив не се нарушуваат правата на граѓаните утврдени со Статутот.

### Член 104

Времетраењето на јавната дискусија по нацртот за изменување или дополнување на Статутот го утврдува Советот.

Јавната дискусија ја организира и ја следи Комисијата за статутарни, деловнички и правни прашања.

Комисијата од ставот 2 на овој член, врз основа на мислењата, предлозите и забелешките по нацртот изнесени во јавната дискусија и своите дополнителни согледувања и проучувања изготвува и на Советот му поднесува предлог на статутарна одлука за изменување односно дополнување на Статутот.

### Dženo 99

An phravde oficialia, phravde institucie thaj phravde firme, an oficijalnikano istemakeribe,uzal i makedonikani čhib thaj lakiri kirilicakiri azbuka, si thaj i romani čhib thaj lakiri latinicakiri abeceda.

### Dženo 100

E kupatnakere thaj sokakongere anava an i Komuna, o table thaj e phravde ofocialengere anava, institucie thaj firme kolen so fundirinela i Komuna hramonena pe ki makedonikani čhib thaj kirilicakere azbukaa thaj ki romani čhib thaj lakiri latinicakiri abeceda.

O table ko kulturnikane thaj edukacijakere institucie kola so kerena buti ko barjaribe thaj anglibe ko kulturakere thaj edukacijakere nacionalistengere sastina an i Komuna hramonena pe ki makedonikani čhib thaj lakiri azbuka thaj abecedaa tari adava nacionalipe, biathinalo taro gendo e manušengoro kola so preperena ko adava nacionalipe kola so dživdinena ko Komunakoro reoni.

## XIII. PROCEDURA BAŠ O JAVERKERIPE THAJ DŽIPHERIBE KO KOMUNAKORO STATUTI

### Dženo 101

E Komunakoro Statuti javerkerela pe thaj džipherela pe statutarnikane dekretea.

### Dženo 102

Bahani baš i hapa kori o javerkeripe thaj džipheripe ko Komunakoro Statuti, šaj te den majhari jekh trintori taro sa gende so si džene ko Konsili, dizjakoro šerutno ja 10 % taro sa gende alusarde an i Komuna.

O Bahani baš i hapa kori javerkeripe thaj džipheripe ko Statuti o alusarde zurarena le pel vasthramovibaa so dena len anglo organi radživime baš i evidencia baš e dizutnengoro alusaribaskoro niami tari Komuna.

### Dženo 103

Dekreti baš i hapa kori javerkeripe ja džipheribe ko Statuti anela o Konsili bute avazenca taro sa gende ple džene.

Upral i funda ko Konsileskoro dekreti tari poza 1 ko akava dženo, i KOmisia baš o statutarnikane, bukjarne divareskere thaj niamale pučiba kerela kičitrakoro teksti baš o javerkeriba ja džipheriba ko Statuti thaj dela le dži ko Konsili.

Kičitra baš o javerkeribe thaj džipheribe ko Statuti zurarela o Konsili bute avazenca taro sa gende ple džene thaj čhivela le ki phravdi diskusia.

Sar rariteti, i kičitra na čhivela pe ki phravdi diskusia,o javerkeriba thaj džipheriba te na vjavaharinena pe ko jekhajekhipe ko Statuti ja akti ja lenca te na phagena pe e dizutnengere niamia zurarde e Statutea.

### Dženo 104

O vakti kobor ka ikerel pe i diskusia pal i kičitra baš o javerkeribe ja džipheribe ko Statuti zurarela o Konsili.

E Phravde diskusia organizirinela thaj dikhela i Komisia baš o statutarnikane, bukjarne divarnikane thaj niamalikane pučiba.

I Komisia tari poza 2 ko akava dženo, upral o umdiba, bahania thaj notese pal kičitra vakerde ki phravdi diskusia thaj ple džipherde dikhiba thaj sikljoviba kerela thaj e Konsileske dela bahani ki statutarnikano dekreti baš o javerkeriba thaj džipheriba ko Statuti.

Статутарната одлука за изменување или дополнување на Статутот ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови.

Статутарната одлука ја прогласува Советот.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 105

За спроведувањето на овој статут ќе се донесе статутарна одлука.

Статутарната одлука од ставот 1 на овој член ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Статутарната одлука ја прогласува Советот на Општината и влегува во сила истовремено со прогласувањето на Статутот.

### Член 106

Овој статут влегува во сила со денот на прогласувањето од Советот на Општината.

---

3.

Врз основа на членот 105 од Статутот на Општината Шуто Оризари, Советот на Општината Шуто Оризари, на седницата одржана на 13 март 1997 година, донесе

## О Д Л У К А

### за прогласување на Статутарна одлука за спроведување на Статутот на Општината Шуто Оризари

Се прогласува Статутарната одлука за спроведување на Статутот на Општината Шуто Оризари, што ја усвои Советот на Општината Шуто Оризари на седницата одржана на 13 март 1997 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ШУТО ОРИЗАРИ**

Број 04/11
13 март 1997 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТОТ,**
**Ариф Бекир с.р.**

Врз основа на членот 105 од Статутот на Општината Шуто Оризари, Советот на Општината Шуто Оризари, на седницата одржана на 13 март 1997 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

### за спроведување на Статутот на Општината Шуто Оризари

### Член 1

Статутот на Општината Шуто Оризари (Статутот) се применува од денот на неговото прогласување.

### Член 2

Најдоцна во рок од три месеци од денот на прогласувањето на Статутот ќе се донесат:

1. Одлуката за грбот и знамето на Општината Шуто Оризари.
2. Одлуката за постапката за спроведување на референдум во Општината.
3. Одлуката за постапката за основање на облици на месната самоуправа во Општината и за начинот на избор и разрешување на нивните органи.

O Statutarnikano dekreti baš o javerkeribe ja pale džipheribe ko Statuti anela le o Konsili bute avazenaca taro sa gende ple džene.

E Statutarnikane dekrete proklamirinela o Konsili.

## XIV. TRANZITUTNE THAJ AGORUTNE DETERMINANTE

### Dženo 105

Baš o validnikanipe akale statuteske ka anel pe statutarnikano dekreti.

O statutarnikano dekreti tari poza1 ko akava dženo anela o Konsili bute avazenca taro sa gende pel džene ko Konsili.

E Statutarnikane dekrete proklamirinela le e Komunakoro Konsili thaj si validnikani ko jekh vakti kana proklamirinela pe o Statuti.

### Dženo 106

Akava statuti si validnikano e divea kana proklamirinela pe taro Komunakoro Konsili.

---

3.

Upral i funda ko dženo 105 taro Statuti ki Komuna Šuto Orizari, o Konsili ki Komuna Šuto Orizari, ko bešibe ikerdo ko 13 mart 1997 berš, angja

## D E K R E T I

### baš o proklamiribe ko Statutarnikano Dekreti baš e Statuteskiri realizacia ki Komuna Šuto Orizari

Proklamirinela pe o Statutarnikano dekreti baš e Statuteskiri realizacia ki Komuna Šuto Orizari, savi so angja o Konsili ki Komuna Šuto Orizari ko bešibe ikerdo 13 mart 1997 berš.

**KONSILI KI KOMUNA ŠUTO ORIZARI**

Numero 04/11
13 mart 1997 berš
Skopje

**KONSILESKORO PREZIDENTI**
**Arif Bekir, p.v.**

Upral i funda ko dženo 105 taro Statuti ki Komuna Šuto Orizari, o Konsili ki Komuna Šuto Orizari, ko bešibe ikerdo ko 13 mart 1997 berš, angja

## STATUTARNIKANO DEKRET

### baš e Statuteskiri realizacia ki Komuna Šuto Orizari

### Dženo 1

O Statuti ki Komuna Šuto Orizari (Statuti) istemalkerela pe taro dive taro leskoro proklamiribe.

### Dženo 2

Majharinimo an roko taro trin masekia taro Statuteskoro proklamiribaskoro dive ka anen pe:

1. Dekreti baš o dumo thaj bajrako ki Komuna Šuto Orizari (Komuna).
2. Dekreti baš i procedura baš i realizacia ko Komunakoro referendumi.
3. Dekreti baš i procedura baš o fundiriba ke thanutne korkoriradžinakere forme an i Komuna thaj baš o čhani ko alusaribe thaj kontramandatiribe ko lengere organia.